***Проект „Подобрување на квалитетот на физичкото образование во основното образование и презентирање на неговото значење и важност за здрављето и добросостојбата на идните генерации“***
***(Програма Erazmus+ Проект број 2017-1-MK01-KA201-035380).***

Бирото за развој на образованието во соработка со Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, Факултетот за спорт од Словенија и Факултет од истата област од Бугарија во текот на 2018 година реализираа активности во рамките на горенаведениот проект согласно донесениот акциски план. Во рамките на проектот, во овој период во пет основни училишта од град Скопје се пилотира реализацијата на наставата по предметот Физичко и здравствено образование во одделенска настава со тандем наставници (одделенски наставник и наставник по предметот Физичко и здравствено образование).

Советниците од Бирото за развој на образованието заедно со стручни лица од Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во наредниот период ќе ги мерат ефектите од тандемската настава согласно поставените индикатори во инструментите за следење на часовите.